Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н ИК

од Единаесеттата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одржана  на 29.04.2026 година

Скопје, мај 2026 година

# Н А Ц Р Т - З А П И С Н И К

од Единаесеттата седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество,
одржана на 29.04.2026 година

Седницата започна во 10:05 часот.

Со седницата претседаваше претседателката на Советот, Никица Кусиникова, Здружение Конект Скопје.

На седницата присуствуваа членовите: Гоце Стоиловски - Министерството за внатрешни работи, Александра Цветановска - Министерство за правда, Суеда Бајрами - Министерство за односи меѓу заедниците, Ангелина Јакимовска - Министерство за финансии, Јован Грповски - Министерство за здравство, Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади, Стефан Вангелски - Министерство за локална самоуправа, Снежана Ристовска - Министерство за култура и туризам, Оливера Јакшиќ Транталовска - Министерство за дигитална трансформација, Наим Вренези - Министерство за животна средина и просторно планирање, Валентина Величковска - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје, Дарко Аврамовски - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење", Симонида Кацарска - Институт за европска политика Скопје, Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп, Сузана Стојановска - Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје, Мартина Иљаз -Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ-Скопје, Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола, Зоран Димов - Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија-ЗРДИЦМ Скопје и Драгица Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот или нивните заменици: Даница Насова Иванова или Марија Николовска Ѓорѓиев - Министерство за европски прашања, Елизабета Поп-Ангелова или Бети Попова - Министерство за економија и труд, Весна Виќњевиќ или Александра Анчева - Министерство за образование и наука, Маја Атанасова или Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници, Скопје, Теа Зографска или Мартина Станковиќ-Национален совет за родова рамноправност, Елизабета Божиноска - ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување, Скопје или Андреј Сених – Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ „Заедно посилни" Скопје и Бардил Јашари или Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје.

На седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска и Елпида Самарџиоска од Секторот за анализа на политиките и координација, Ениса Далипи, заменик член од Министерството за животна средина и просторно планирање и Зоран Илиески од Проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во РСМ" финансиран од ЕУ.

*

*      *

Врз основа Предлогот на дневниот ред и известувањето на претседателката на Советот за потребата од номинирање на претставник на граѓанскиот сектор во работна група за прелиминарна селекција на кандидати за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## Д Н Е В Е Н Р Е Д

- Усвојување на Записникот од Десеттата седница на Советот, одржана на 26.3.2026 година

1. Номинирање на претставници на граѓански организации (еден член и еден заменик член без право на глас) во Заедничкиот комитетот за програмирање на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија за програмскиот период 2028 – 2034 (Јавен повик објавен на 15.04.2026 год. на www.nvosorabotka.gov.mk)

2. Номинирање на претставник на граѓанскиот сектор во работна група за прелиминарна селекција на кандидати за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија

3. Планови и Програми на министерствата за финансиска поддршка на граѓански организации во 2026 година

4. Прашања и предлози

*

*　　*

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество едногласно и без забелешки го усвои Записникот од Десеттата седница на Советот, одржана на 26.3.2026 година

*

*　　*

**<u>Точка 1</u>**

Никица Кусиникова ја отвори седницата, поздравувајќи ги присутните и отвори расправа по првата точка од дневниот ред, Номинирање на претставници на граѓански организации (еден член и еден заменик член без право на глас) во Заедничкиот комитетот за програмирање на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија за програмскиот период 2028 – 2034. Таа истакна дека на Јавниот повик објавен на 15.04.2026 година на www.nvosorabotka.gov.mk се пријавени 4 кандидати (Ристо Атанасовски од Фондација за локален развој и развој на информатички технологии-Гевгелија, Емилија Ѓероска од Про Локал -Битола, Рубин Николоски од Про Локал- Битола и Методија Стојчески од Младински Сојуз-Крушево), кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Стефан Вангелски објасни дека започнува период на програмирање на ИПА 4 и потребно е да се номинираат 15 членови на Работно тело кое ќе учествува во креирање на програмата, во кое ќе бидат вклучени владини институции, општините, планските региони, институции кои ќе бидат засегнати од програмата, со цел да се направи квалитетна и сеопфатна програма. Во однос на ИПА 3 за програмите за прекугранична соработка со Бугарија и Грција изрази задоволство од реализацијата и истакна дека постои поголема застапеност на граѓанските организации во тие програми и дека започнува процес на консултации за ИПА 4.

Членовите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество пристапија кон поединечно гласање за кандидатите за член, а потоа и за заменик член на Заедничкиот комитетот за програмирање на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија за програмскиот период 2028 – 2034. За да се спречи судир на интереси, во гласањето не учествуваше Рубин Николоски.

Кандидатите го добија следниот број на гласови за член: Ристо Атанасовски 1 глас, Емилија Ѓероска 12 гласа, Рубин Николоски 0 гласови и Методија Стојчески 2 гласа. Во однос на гласањето за заменик член, кандидатите го добија следниот број на гласови: Ристо Атанасовски 13 гласа, Рубин Николоски 1 глас и Методија Стојчески 5 гласа.

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општесто, за претставници на граѓански организации (еден член и еден заменик член без право на глас) во Заедничкиот комитетот за програмирање на ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија за програмскиот период 2028 – 2034 ги номинира: **Емилија Ѓероска**, Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола (член) и **Ристо Атанасовски**, Фондација за локален развој и развој на информатички технологии-Гевгелија (заменик член).

<u>Точка 2</u>

Дарко Аврамовски информираше дека согласно член 13 став (2) од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Собранието на Република Северна Македонија објави Повик за определување на претставници во работна група за прелиминарна селекција на кандидати за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија бр.09-2864/4 од 22.04.2026 година, што по консултации со претседателката на Советот и Одделението за соработка со невладини организации, поради кусиот рок, тој го споделил со граѓанските организации кои работат во областа Владеење на правото и правосудството.

Никица Кусиникова информираше дека доставена пријава за Јелена Кадриќ, извршна директорка на Институтот за човекови права Скопје која е активна во оваа област повеќе од 15 години и е соодветен кандидат за овој повик и предложи да се стави на гласање.

По спроведена постапка за гласање, со 17 гласа „ЗА“ и двајца воздржани, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, одлучи за член од граѓанскиот сектор од областа на владеење на правото и правосудството во Работната група за прелеминарна селекција на кандидати за член на Судскиот совет да ја номинира Јелена Кадриќ, извршна директорка на Институтот за човекови права Скопје

<u>Заклучок:</u>

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, за член од граѓанскиот сектор од областа на владеење на правото и правосудството во Работната група за прелеминарна селекција на кандидати за член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, ја номинира **Јелена Кадриќ**, извршна директорка на Институтот за човекови права Скопје.

**Точка 3**

Никица Кусиникова отвори расправа по третата точка од дневниот ред, „Планови и Програми на министерствата за финансиска поддршка на граѓански организации во 2026 година“ и во однос на Табеларниот преглед подготвен од Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата укажа дека кај дел од министерствата сеуште нема датуми за повици и повика доколку некој има дополнителни информации да ги сподели со присутните.

Валентина Величковска истакна дека во Јавниот повик за финансирање на програмските активности на здруженија за борба против семејно насилство на Министерството за социјална политика, демографија и млади, рокот за пријавување бил до 09.03.2026 година, односно граѓанските организации имале само 3 дена за подготовка на апликација и предложи да се достави допис до ресорното министерство со укажување дека согласно Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации рокот за поднесување на пријавите не може да биде помал од 30 дена од објавување на јавниот повик.

Томислав Гајтаноски нотираше дека во табелата за „Планови и Програми на министерствата за финансиска поддршка на граѓански организации во 2026 година“, недостасуваат информации за средствата за граѓански организации од одобрени проекти од Министерството за култура и туризам, предлагајќи износите кои се наменети за граѓанскиот сектор од секое министерство да бидат прикажани и процентуално во однос на буџетот на државата. Дополнително, истакна дека за граѓанските организации се наменети ограничени износи на средства, на пример, предвидени се околу 300.000 евра во Министерството за односи меѓу заедниците и околу 40.000 евра за младински организации во Министерството за социјалната политика, демографија и млади, а останатите средства се за акредитирани организации за образование, инвалидски организации итн., додавајќи дека треба да се нотира износот на средства кој е предвиден исклучиво за граѓански организации за да може да се направи преглед во која мера генерално се поддржува граѓанскиот сектор. Исто така, даде препорака Владата односно Генералниот секретаријат да ги обврзе министерствата кога објавуваат повик за финансиска поддршка на граѓански организации задолжително да го информираат Одделението за соработка со невладини организации за да ја сподели информацијата со граѓанските организации.

Никица Кусиникова предложи ова прашање да се разгледа во рамки на Работната група за Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации, со цел да се обезбеди појасен приказ и поинакво структурирање на податоците.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска информираше дека Извештајот за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2025 година е во подготовка, недостасуваат податоци уште од Министерството за социјална политика, демографија и млади и неколку општини, така што истиот се очекува да биде предложен за разгледување на седница на Советот, во мај или јуни.

Зоран Димов се согласи со констатацијата на Томислав, дополнувајќи дека финансирањето на поголеми проекти со симболична сума на финансиски средства не е доволно за реализација на истите и предложи да се направи работна група која ќе одржи состанок со Министерството за култура во насока на разгледување на можности за финансирање кои би биле во согласност со реалните потреби на граѓанските организации.

Снежана Ристовска појасни дека Министерството за култура е во секојдневна комуникација со здруженија на граѓани, а самите конкурси се јавни и отворени, додавајќи дека согласно Законот за култура, Министерството за култура учествува во финансирањето, меѓутоа не ги финансира целосно проектите, а останатите средства треба да се обезбедат од други извори. Информираше дека во септември 2026 година ќе се објават годишните конкурси за финансирање проекти од национален интерес по одделни области и активности од културата за 2027 година и Министерството за култура е отворено за соработка и средба со граѓанските организации, исто како и претходната година.

Никица Кусиникова предложи наместо да се формира работна група и да се навлегува во поединечни области, граѓанските организации од соодветната област, да дадат конкретни предлози во вид на писмено барање и истите да ги адресираат до Министерството за култура.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска препорача министерствата кога објавуваат јавен повик за финансиска поддршка на граѓански организации да го информираат Одделението за соработка со невладини организации на nvosorabotka@gs.gov.mk, со цел информацијата да биде споделена со поголем број организации преку преку официјалната веб-страница на Одделението - nvosorabotka.gov.mk и преку меилинг листата на Граѓанскиот ресурсен центар.

Јован Грповски информираше дека повикот објавен од Министерството за здравство во врска со Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија за 2026 година, кој траеше 10 дена е завршен, се очекува Комисијата да заврши со работа најдоцна до следната недела и да се склучат договорите со организациите.

<u>Заклучоци:</u>

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви писмено известување од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество до Министерството за социјална политика демографија и млади, со укажување, во идните јавни повици за финансиска поддршка на граѓанските организации министерството доследно да ги почитува одредбите на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации и рокот за поднесување на пријавите да не биде помал од 30 дена од објавување на јавниот повик.

2. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество препорачува ресорните министерства кога објавуваат јавен повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации да го информираат Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на nvosorabotka@gs.gov.mk, со цел информацијата да биде споделена до поголем број на граѓански организации.

3. Се препорачува на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат при подготовка на годишниот Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од буџетот на органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа, да прикаже аналитички податоци за односот меѓу планираните и реализирани средства од буџетот на државата и одделните министерства за финансиска поддршка на граѓански организации.

4. Се препорачува членот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на граѓанските организации во областа Култура, за предизвиците за финансирање на граѓанските организации во оваа област искажани на седницата на Советот да подготви писмен материјал со конкретни предлози и да го достави до Министерството за култура.

**Точка 4**

Никица Кусиникова побара до одржувањето на следната седница на Советот, Министерството за социјална политика, демографија и млади да информира дали се прифатени забелешките од доставеното мислење на Советот по Предлог-законот за социјални претпријатија, а Министерството за правда да извести во врска со писменото барање на Советот за вклучување на претставници на граѓански организации во Работната група за измени на Изборниот законик.

Александра Цветановска информираше дека одржана е тридневна работна сесија за Предлог-законот за здруженија и фондации, каде се разгледани сите коментари доставени на ЕНЕР, дел од нив го обременуваат текстот на законот и не се во согласност со останатите законски норми, а дел се прифатени и ќе бидат интегрирани во новото законско решение. Појасни дека по усогласувањето на текстот на Законот, работната група ќе има краток рок за разгледување и истиот ќе се достави на мислење до Венецијанската комисија. Мислењето од Венецијанската комисија може да се чека и подолго време, па откако ќе се имплементира ова мислење, ќе започне владината постапка по Предлог-законот.

Дарко Аврамовски го актуелизираше прашањето за вклучување на заменици членови во Комисијата за селекција на кандидати за избор на член во Државната комисија за спречување на корупцијата, бидејќи повторно има ризик граѓанските организации да учествуваат со еден член помалку. Истовремено, предложи да се измени Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, односно во член 35 став 1 каде што е наведено дека рокот за кандидирање и избор не може да биде пократок од 15 дена, ќе треба да се додаде „освен во случаите предвидени со закон", имајќи го предвид рокот од 8 дена утврден со Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија за конституирање на работна група за прелиминарна селекција на кандидати за член на Судскиот совет.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска посочи дека треба да се направи измена на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси за да може Советот да номинира член и заменик член од областите: Владеење на правото и борба против корупцијата и Медиуми и информатичко општество во Комисијата за селекција на кандидати за избор на претседател и на членови на Државната комисија за спречување на корупцијата,

Александра Цветановска информираше дека Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е веќе во владина постапка, по спроведени консултации на ЕНЕР и усогласен со мислењата од надлежните институции.

Сузана Стојановска информираше дека Законот за социјална заштита е дискриминирачки за лицата коишто се во згрижувачки семејства, бидејќи истите се исклучени од правото на додаток наменет за лица со посебни потреби над 26 години. За ова прашање поднесена е претставка до Комисијата за заштита од дискриминација, која во одговорот дава препорака во рок од 60 дена Министерството за социјална политика, демографија и млади да пристапи кон измени на Законот. Имајќи предвид дека Министерството сеуште не постапило по овие препораки, Александра Цветановска предложи здружението да се обрати до Национално телото за усогласеност на законите и подзаконските акти со

принципот на недискриминација, во рамки на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Валентина Величковска информираше дека на 07.04.2026 година, одржан е состанок на работната група комуникација со организации што делуваат на локално ниво, чијшто координатор е Моника Илиоска Кантарџиоска од Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп. Воедно, ги покани членовите на Советот да учествуваат на регионална консултативна сесија со граѓанските организации од Полошкиот плански регион, која ќе се одржи на 07.05.2026 година, во Граѓанскиот ресурсен центар во Гостивар.

Никица Кусиникова потсети дека во текот на мај треба да се одржи состанок на Работната група за комуникации, како и работилницата за Комуникациска стратегија на Советот и предложи да се размисли за местото на одржување на истата, со цел да се овозможи присуство на поголем број на учесници.

Зоран Илиески од Проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во РСМ" финансиран од ЕУ, апелираше за побрза координација во однос на ова прашање и информираше дека проектот ќе даде два предлог термини за датумот на одржување на работилницата.

<u>**Заклучоци:**</u>

1. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат да подготви писмено мислење од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество до Министерството за правда за измена на член 12 став 7 алинеи 2 и 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, со кои ќе се овозможува во Комисијата за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата да учествуваат членот или заменикот член на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од областите Владеење на правото и борба против корупцијата и Медиуми и информатичко општество

2. Се задолжува Работната група за изработка на Деловник за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, во соработка со Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, да подготви Предлог-Деловник за дополнување на Деловникот за работа на Советот, согласно дискусијата на седницата во врска со член 35 став 1 од Деловникот.

3. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество им препорачува на членовите да учествуваат на работилницата што ќе ја организира проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија" финансиран од Европската унија, со цел финализирање на Комуникациската стратегија на Советот.

Седницата заврши во 11:25 часот.

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество

Никица Кусиникова

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Нињевска и Гоце Стоиловски- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова и Александра Цветановска - Министерство за правда
- Суеда Бајрами и Егзона Локи - Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова и Марија Николовска Ѓорѓиев- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска и Оливера Маркоска Ивановски - Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова и Бети Попова - Министерство за економија и труд
- Јован Грповски и Весна Блежески Синадинова - Министерство за здравство,
- Весна Виќњевиќ и Александра Анчева - Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски и Александра Куновска - Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска и Ирина Димовска - Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска и Марјан Патлиџанковски- Министерство за дигитална трансформација
- Наим Вренези и Ениса Далипи - Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска и Дарко Димов - Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски и Лејла Тутиќ - Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“ Скопје
- Маја Атанасова и Бојана Божиновска Силјановска - Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска и Беба Жагар - Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска и Томислав Гајтаноски - Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска и Ирена Лозана- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Асиб Зекир и Мартина Иљаз – Здружение Иницијатива за економски развој на Ромите РЕДИ Скопје
- Теа Зографска и Мартина Станковиќ - Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска и Рубин Николоски - Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје и Ахмет Јашаровски – Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Бардил Јашари и Данче Даниловска Бајдевска - Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ и Милорад Вучковиќ - Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола

Подготвиле: Елпида Самарџиоска, помлад соработник во Одделение за соработка со невладини организации
Весна Тасевска, помошнк раководител на Сектор за анализа на политиките и координација, за граѓански сектор
Одобрила: Сузана Никодијевиќ Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација